ЛИКОВНА СЦЕНА

# Македонија и понатаму „колонијална” велесила

**Речиси нема место во кое не се одржува некоја интернационална ликовна колонија, и најчесто таа е и единственото културно случување во него**

Ликовните колонии се единственото што се случува во уметничкиот живот во текот на летните месеци, а често и единствено "уметничко" што го има местото во кое се одржува колонијата. Оваа форма на заедништво меѓу уметниците од земјава со, во поново време, нивните колеги од странство успешно им одолеа на сите искушенија и критики - време, пари, квалитет, смисла... Доказ за тоа е податокот дека моментно речиси нема поголемо населено место во Македонија што нема (или нема во плановите за иднина) своја интернационална колонија.

Ликовните колонии - специфика на ова поднебје - потекнуваат од времето на колективите и на работните акции. Тие дури и личат на сега непостоечките работни акции - уметниците добиваат бесплатно јадење и (с)пиење, а мора да направат одреден број слики или скулптури (норма), кои остануваат во сопственост на организаторот.

Иако станува сè потешко и потешко да се најдат пари за организирање ваков вид собири на автори - државава вложува минимално, па сè се сведува на милоста од локалните спонзори (фирма, општина) - речиси нема колонија што престанала со работа само поради немање пари.

- Министерството за култура за ликовната колонија во Струмица даде само 260.000 денари, што не е доволно да се платат сите трошоци. Тие годинава се поголеми поради поголемиот број учесници, вели Васил Алачев, директор на уметничката галерија во Струмица.

Колониите успеаја да преживеат од проста причина што сите заинтересирани имаа некакво фајде од нив. Организаторот, најчесто дом на културата, за да ги искористи и така празните конаци, одморалишта, куќи и слично и со минимум вложување да добие дури и реномирани имиња во ликовната уметност и да ја реализира уметничката програма со еден потег - да организира изложба со делата од колонијата и да направи солидна збирка дела. Уметниците, пак, имаат можност да поминат петнаесетина дена работен одмор, време во кое ќе "разменат искуства", а ќе добијат и каталог од заедничката изложба, прво во домот на културата, а потоа и во други градови во земјата.



*Дело на Унгарецот Иштван Зил изведено во Галичник*

Колонијата во манастирот "Св. Јоаким Осоговски" во Крива Паланка се одржува веќе 13 години. Таа е под патронат на манастирот и во збирката има повеќе од 250 слики. Координаторот Јордан Михајловски вели дека годинава колонијата ќе ја помогнат повеќе спонзори и Македонската православна црква, а Министерството за култура дало 100.000 денари. "Тоа во последните 10 години само два-три пати ја спонзорирало колонијата, и тоа со покривање на 10 до 15 отсто од трошоците", вели Михајловски.

Речиси сите ликовните колонии се интернационални. На пример, во Галичник во тек е јубилејната, 10. по ред колонија, на која учествуваат десет автори - од кои само тројца се од Македонија (по еден од Англија, Германија, Кипар, Грција, Бугарија, Словенија и Србија). Сликарите од странство најчесто доаѓаат на препорака, односно лична покана од организаторот. Сите гости имаат само добри зборови за престојот - одушевени се од другарувањето, пријателствата, амбиентот за работа... Тие за следната година препорачуваат некој свој колега и така натаму.

Има колонии со речиси четиридецениска традиција (во Струмица, во Прилеп), а има и сосема нови. Најмногу од колониите се сликарски и на нив се работи на слободна тема, но дел од нив се профилирани - графичка колонија во Гевгелија, ќерамичка во Ресен, скулптура во мермер во Прилеп.

Во Пробиштип, во организација на Домот на културата се одржа осмата ликовна колонија "Лесново", на која учествуваа петнаесетина автори. Страшо Милошевски, директор на Домот, најави нова концепција во работата на колонијата со цел да се актуализира древната техника - иконопис и со можност за ревитализација на Лесново како центар на иконописот и живописот. За таа цел се предвидува воспоставување репродуктивни техники, копирање фрески и слично.

Нема никакви знаци дека нешто битно ќе се смени во работата на ликовните колонии. Тоа не значи дека не треба да се менува ништо во финансирањето, во концептуализацијата, односно осмислувањето на работата, во презентацијата на создаденото, во меѓународната афирмација (пропаганда) и слично, туку само дека колониите и понатаму ќе ги има, ако ништо друго - барем во доволен број.

**Огнена Поп-Андонова**